**Записник од 68 -та седница на**
**Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-739/14
11.09 20 23 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 14.07.2023 година | **Време** | 11.00 – 12.00 часот |
| **Бр. на седница** | 68-ма седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | / | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески и Владимир Соколов | | |

| ДНЕВЕН РЕД |
|---|
| 1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 27.06.2023 година;<br>2. Усвојување на Седмиот Извештај за развој на бродбендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП.<br>3. Разно. |
| ; |
| |

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 68-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни шест членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 67-та седница, одржана на 27.06.2023 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Димитар Буковалов, отвори дискусија за Седмиот по ред Извештај за развој на бродбендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП, кој се однесува на периодот октомври 2022 година – април 2023 година.

Членот на НКБК, Славица Настеска, направи преглед на содржината на подготвениот извештај. Тој ги опфаќа спроведените активности на НКБК во имплементацијата на НОБП, како и активностите на Агенцијата за електронски комуникации во спроведувањето на НОБП. Во делот на извештајот од спроведеното мапирање на постоечки и планирани бродбенд мрежи на операторите карактеристичен е податокот според кој 88,8 % од домаќинствата во земјата имаат можност за пристап до брзи бродбенд мрежи , додека 73,67 % од домаќинствата имаат пристап до ултра брзи бродбенд мрежи. Исто така, 15,3 % од домаќинствата се наоѓаат во бели зони, а 69,8% во црни зони.

Во продолжение на извештајот се наоѓаат и податоците кои се однесуваат на индикаторите за димензијата „Поврзливост„ како и споредбата со индикаторите на земјите членки од ЕУ. Тој ги содржи и податоците за вкупната распространетост со фиксен бродбенд, бројот на претплатници со фиксен бродбенд по пристапна брзина, бројот на активни корисници на услуги врзани во пакет, конкуренцијата на пазарот на фиксен бродбенд, распространетоста на мобилен бродбенд, како и ценовниот индекс за бродбенд.

По завршувањето на дискусијата, Буковалов го стави извештајот на гласање.

**Заклучок 1:** Членовите на НКБК едногласно го усвоија Седмиот Извештај за развој на бродбендот во државата (согласно DESI) и спроведување на НОБП.

**Заклучок 2:** Усвоениот извештај ќе биде доставен до министерот и заменик министерот за информатичко општество и администрација, како и до директорот на Агенцијата за електронски комуникации. Извештајот ќе биде проследен на превод на англиски јазик и истиот ќе биде поставен на веб страната на Министерството за информатичко општество и администрација.

**Заклучок 3:** Да се подготви допис до Агенцијата за електронски комуникации со барање за надградба на ГИС системот, со цел имателите на радио-комуникациски мрежи (4G и 5G) на Агенцијата да и ги доставуваат податоците за своите изградени и планирани за градба во наредните 3 години радио-комуникациски мрежи (4G и 5G). Исто така, потребна е надградба на постојниот Систем и со функционалноста за електронска достава на податоци за распространетост (take-up) на бродбенд мрежите и услугите, според брзини, технологии (фиксни и мобилни), според категоризација на населени места, според вид на корисници: резиденцијални (домаќинства) и деловни субјекти (според големина на деловниот субјект).

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, не се отвори дискусија.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________